## Викендов во галеријата „Прес ту егзит“



Искра Димитрова пред „берберницата“ која беше отворена само еден ден

# „БЕРБЕРНИЦАТА“ НА ИСКРА ДИМИТРОВА ПРИВЛЕЧЕ ВНИМАНИЕ

Во галеријата Прест ту егзит во Скопје, вечерта на 13 мај пред публиката беше отворен еднодневниот проект на HISTORYOFASEXUALITY на авторката Искра Абаџиева, со музички /звучен аранжман на Дамјан Цветков-Димитров.

Проектот претставуваше инсталација, ликовна транскрипција на една берберница како простор на комуникација, сместена во галеријата која се наоѓа непосредно до просторот во кој, до пред некое време се наоѓаше берберницата „Џафуре“. Беа презентирани автентични предмети: берберско столче од берберницата „Естетика“, каде берберот Ружди за прв пат во Скопје започнал да ги прави „Џон Траволта“ фризурите. Изложените предмети, мирисот и звукот користени во проектот беа позајмени од познатите скопски берберници.Искра Димитрова потсети дека берберницата била ексклузивно машки простор во кој постоела интимна атмосфера, значаен центар на информации, а берберот историски имал посебен општествен статус. И во нејзината „берберница“ беа закачени фотографии кои отсликуваат нечиј афинитет. „Фотографиите, со „шепотот“ на женскиот говор, низ приказните на четирите влакна, ја заменуваат комуникацијата на машките басови која отсуствува. Влакната на фотографиите раскажуваат за сопствениците на отсутните тела. Односот кој обично го имаме кон некое конкретно влакно е идентичен на односот кој го имаме кон неговиот некогашен поседувач, кон неговиот идентитет и ерос, па аналогно нашиот однос кон едно конкретно влакно, варира од гадење до привлечност. Четирите приказни на влакната раскажуваат за лични ситуации, кои може да се случат или се случиле секому од нас, поединечни драгоцени моменти раскажани низ шепот, до кој посетителот доаѓа низ сопствен ангажман на археологија на фотографиите. Приказните од оваа „берберница“ од интимни стануваат поделени и јавни, како и во секоја права берберница“- и посочи на заинтересираната публика авторката. (К.Б.)